ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ СТРУГА

Through Gender Lenses

# РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

ИЗВЕШТАЈ

Родова анализа на програмата за социјална заштита на општина Вевчани

ЕУ со ТЕБЕ

Funded by the European Union

РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

**Родова анализа на програмата за социјална заштита на општина Вевчани**

Автор: Катерина Василеска

Ментори: Катерина Конеска и Наташа Доковска

Организација подгрантист: Локална агенција за развој

Публикацијата Родова еднаквост во социјалната заштита на општина Вевчани е подготвена од Локална агенција за разој во рамките на програмата за подгрантирање на проектот "Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост", имплементиран од Центар за истражување и креирање политики, Рурална Коалиција, Новинари за човекови права, Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди" и Едукативно хуманитарна организација „ЕХО"-Штип со финансиска поддршка од Европската Унија.

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики и партнерските организации.

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ..... 2

2. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 3

3. ИНСТИТУЦИОНАЛНА АНАЛИЗА ..... 4

4. ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА ..... 6

5. ОПФАТ, КОРИСНИЦИ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ..... 7

6. БУЏЕТСКА АНАЛИЗА ..... 9

7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ..... 11

Користена литература ..... 12

Анекси ..... 12

# 1. ВОВЕД

**Појдовна основа на Програмата за Родова еднаквост во општина Вевчани**

Остварувањето на програмата за родова еднаквост се регулирани со Уставот и Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените со кој се промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите и со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година која е основен стратешки документ на Република Северна Македонија со кој се воспоставува сеопфатна рамка за понатамошни активности во насока на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените. Оваа Програма ја уредува со конкретни мерки родовата еднаквост во една рурална средина и поставува основа за тоа како жените и мажите, девојчињата и момчињата, да имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот и се стреми да воспостави заедница во која жените и мажите ќе ги имаат истите привилегии и одговорности кои ќе ги остваруваат во вистинско заедничко партнерство.

Главниот предизвик се ограничените ресурси кои ги има Вевчани како мала општина. Програмата ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства кои конретно се наведени во предложените активности. Со цел да биде квалитетно реализирана, локалната власт предвидела и Локален акционен план за еднакви можности кој е во согласонст со Националната Стратегија за родова еднаквост.

Програмата предвидува Комисијата со еднакви можности од Вевчани да соработува со стручни лица за успешна реализација.

*1.1. Општи карактеристики на Општина Вевчани*

Во Вевчани сѐ е во знакот на водата. Вевчани се споменува како селска населба уште од крајот на 9 век, кога било развиена и економски силна. Спрострено е во подножјето на Јабланица, на оддалеченост од 14 километри од Струга. Овој терен е поделен на Горно и Долно маало, со надморска височина што се движи од 830 до 960 метри, со атар што зафаќа површина од околу 35 km2. Вевчани изобилува со градски шмек и шарм. Денес претставува симбол на независност и борба за локалното добро на жителите. И до ден-денес се прогласуваат себеси за држава во држава. Административно гледано, Вевчани е седиште на општина Вевчани и е најмалата општина во Македонија.

*1.2. Население*

Според Пописот во 2021 година во општина Вевчани живеат 2425 жители, од кои 1221 мажи а 1204 жени. Вкупно резидентно население е 2 359 со домаќинства 661 и станови 948. Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Северна Македонија од 78,8 жители/км2. Населението според етничка структура е: Македонци 95,34%, Албанци 0,70% , Власи 0,16%, Срби 0,12%, Други неспомнати 0,37%,.

*1.3 Според Предлог буџетската иницијатива изработена во рамки на проектот Низ Женски Леќи, Акциониот план за родова еднаквост и Програмата за Социјална заштита, главните идентификувани проблеми со кои се соочуваат граѓаните на општина Вевчани се:*

Во општина Вевчани, во неколкуте консултации, и врз основа на документацијата која ни ја имаа доставено, можеме да ги наведеме следните предизвици кои директно влијаат на остварувањето на родовата еднаквост во општината, а влегуваат во различни сектори:

Урбанизација и инфраструктура, Програма за животна средина, Програма за млади и спорт, Програма за туризам и култура, Програма за социјална заштита

Во „Предлог буџетската иницијатива за општина Вевчани" изработена од страна на Центарот за истражување и креирање политики[1], покрај другите информации, наведени се приоритетни програми во кои треба да се вметнат активности за интегрирање на родовата перспектива. Една од тие програми е и Програмата за социјална заштита, која што е предмет на анализа на овој извештај.

Во „Предлог буџетската иницијатива за општина Вевчани" е нагласено дека треба посебно да се обрне внимание на потребите на крајните корисници односно жените и девојчињата, жените и деца жртви на насилство, економски зависни жени, занаетчивки, лица со попреченост , деца и млади лица, стари лица.

Врз основа на анализата на статусот на жените и мажите во Програмата за активностите во областа на социјална заштита, идентификувани проблеми се следните:

Општината покажува свесност и волја да работи на тие прашања со тоа што ги има идентификувано проблемите а тоа се:

На краток рок општината нема евиденција за бројот на социјални случаи и лица со ретки болести, пожелно е да се направи за да се користи за различни потреби. За секоја потреба од социјална заштита мора да се оди до Струга.

Втор проблем на краток рок - во општина Вевчани има центар за стари лица, но жените не ги користат[2]. Исто така нема податоци колку жени се членови, причините можеби се недостиг на време поради домашни работи и грижа за мали деца. Треба да се има предвид дека има градинка која има доволно места за мали деца, но традицијата преовладува и ако има слободни жени/баби во семејството – тие ја преземаат грижата за децата.

На среден рок треба да се иницира соработка меѓу општина и центар за социјални грижи од Струга за податоци за социјални случаи и лица со ретки болести.

## Клучни Наоди

- Општина Вевчани е мала општина која се соочува со недостиг на средства за поддршка на акцискиот план за родова рамноправност ии на Програмата за социјална заштита

- Од вкупното население во општина Вевчани има само 8 социјални случаи (неофицијални податоци) што изнесува 3,04% од вкупното население.

- Во програмата за социјална заштита не се предвидени средства за спроведување на активностите и не е наведен потенцијален/очекуван број на корисници кои би биле поддржани со мерките и активностите, а не може да се види ни одредена родова перспектива во истите.

[1] https://crpm.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B1%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%92%D0%B5%D0%B2%D1%87%D0%B0%D0%BD%D0%B8.pdf

[2] Програмата за активностите во областа на социјална заштита

- Општината нема посебно Одделение за социјална заштита и сите активности во врска со обврските на општината за мерки и активности од социјалната заштита, се реализираат од Одделението за правни и општи работи и човечки ресурси.

- Програмата за социјална заштита во описот нема предвидено поодделното влијание на планираните активностите врз жените и мажите (девојчињата и момчињата)., а не се споменува ниту број на корисници ниту како кумулативна бројка ниту разделени по пол.

- Во Програмата за социјална заштита не успеавме да препознаеме дека се предвидени активности за поддршка одредени ранливи категории како на пример, жртви на семејно насилство, а испитаниците и испитаничките во анкетата го идентификуваа ова како една од потребите.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на анализата која е претставена во овој извештај е да се даде осврт на Политиката за социјална заштита на општина Вевчани, како и буџетот кој што е предвиден за нејзина реализација. Освртот на политиката е од родова перспектива односно да се истражи степенот до кој оваа политика ги зема предвид родовите прашања односно потребите на жените и мажите. Со цел да се постигне ова, развивме родово буџетска анализа на оваа програма на општината што дава оквирна слика на состојбата со родовото одговорно буџетирање во оваа област во наведената општина.

Беше развиена методологија која се користеше за собирање и анализирање на податоци, кои дадоа слика за состојбата, а подоцна беа основа за подготовка на препораки за подобрување на родовата структура на политиката. Па така, беа користени следниве методолошки алатки:

**Канцелариско истражување** – Канцелариското истражување беше спроведено како прва фаза, односно беше направен краток преглед на националната и локалната регулатива (законските и подзаконските акти) кои ги регулираат прашањата на социјална заштита на граѓаните и граѓанките како на национално така и на локално ниво, како и прашањата на родовата рамноправност и обврските кои ги имаат единиците на локалната самоуправа во овој дел. Исто така беа разгледани и стратешки документи на национално и локално ниво, како и интерни акти и стратешки документи, политики и процедури за родова еднаквост, родово одговорно буџетирање и социјална заштита донесени од страна на општината. Потоа беше направена родово буџетска анализа на избраната програма. Во оваа фаза од истражувањето покрај тоа што ги користевме документите кои се јавно достапни, бевме и во редовен телефонски контакт со назначените претставници од Комисијата за родова еднаквост при Советот на општина Вевчани и лицата одговорни за активностите поврзани со социјална заштита.

**Теренско Истражување** - Во делот со теренското истражување беа остварени четири средби во живо со Претседателката на Комисијата за родова еднаквост и преставник одговорен за активностите од програмата за социјална заштита. После средбите ни беа доставени (Програма за активности од областа на социјалната заштита 2022 и Акционен План за родова рамноправност 2022) и воедно беше направено интервју со претставничките од Социјална заштита и Комисијата за родова рамноправност. Според нивните кажување, поради тоа што состојбата во општината е тешка, и истата нема доволно средства, Програмата за социјална заштита и Програмата за Родова Рамноправност не се спроведуваат како што се планирани.

Со цел да добиеме појасна слика за потребите на жените и на мажите жители на општина за користење на социјални услуги од страна на општината, спроведовме и теренско истражување директно со граѓаните и граѓанките со цел да добиеме информации, директно од нив кое е нивното мислење за социјалната заштита во нивната општина и родовите преспективи во истата. Подготвивме два вида на прашалници, еден за корисници на социјалните мерки/активности од општина Вевчани кои се предвидени во политиката и еден за граѓаните како општа популација на самата општина кои досега не биле корисници на услуги од социјална заштита на општинско ниво.

За анкетирање на граѓаните кои биле или се корисннци на некои од социјалните мерки на општината, самата Општината ни даде контакт од нив. При тоа важно е да нагласиме дека при спроведувањето и пристапувањето со корисниците беа почитувани правилата за заштита на лични податоци на сите вклучени во истражувањето.

**Дебата**

На 27ми февруари 2023 се спроведе дебатата ,,Родова еднаквост и социјална заштита во Вевчани, каде беа присутни претставници од институциите од Вевчани, граѓани, како и советници. И се разиви плодна дискусија со конретни предлози за подобрување на јавните политики, кои би ја зеле предвид и родовата перспектива.

## 3. ИНСТИТУЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

Во Република Северна Македонија постои сеопфатна законска рамка за родова рамноправност, која го вклучува и родово одговорното буџетирање. Во член 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, се истакнува, дека една од основните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, се и мерките со кои се воведува системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области, вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор.

Исто така државата има усвоено Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 која е клучен документ за постигнување родова еднаквост во општество во кое жените и мажите, девојчињата и момчињата, имаат еднакви права, пристап до ресурси, можности и заштита во сите сфери на животот, како услов за целокупен и одржлив економски, демографски, социјален развој и напредок на земјата.

Надлежностите на Општина Вевчани се утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и во други закони и подзаконски акти со кои се регулираат работите од јавен интерес од локално значење кои општината во согласност со закон има право да ги врши на своето подрачје и е одговорна за нивното извршување. Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученост на родовите перспективи во локалните политики за социјална заштита претставува многу важен сегмент во остварувањето на различните права и потреби на жените и мажите и обезбедувањето на квалитет на живеење. Во таа насока, Општина Вевчани ги има донесено следниве одлуки: - Одлука за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите бр. 08-39/29 од 20.12.2021; - Одлука за усвојување на Програма за активностите од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Вевчани за 2022 година бр.08-15/18 од

14.03.2022; - Одлука за усвојување на Акциски план за родова рамноправност на Општина Вевчани за 2022 година бр.08-15/19 од 14.03.2022

Во Акцискиот план за родова рамноправност се опфатени следниве приоритети: - Мониторнинг на родовата дискриминација; - Доследна примена на Законот на еднакви можности на жените и мажите; - Подобрување на здравствената заштита за време на пандемија; - Обука за внесување на родовата перспектива во локалната средина; - Подигање на свеста за препознавање и заштита на младите од булинг; - Препознавање и справување со стрес на работното место; - Семејно и родово базирано насилство

Социјалната заштита пак е регулирана со Законот за социјална заштита, кој дефинира систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот за намалување на сиромаштијата, социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени со Законот за социјална заштита, општините може да преземаат мерки преку кои ќе се остварува : социјална превенција,вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјалната заштита.

# 4. ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА

Врз основа на Законот за социјална заштита и Законот за локална самоуправа, Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на 06.07.2022 година ја има донесено Програмата за активностите во областа на социјална заштита во Општина Вевчани за 2022 година, објавена во Службен гласник бр.4 од 2022 година. Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Бидејќи Вевчани е мала општина интензивно ја користи соработката со установите за социјална заштита како центар за социјална работа, и социјални установи за институционална и вон-институционална заштита од Општина Струга. Но ова е дополнителен предизвик бидејќи одењето во Струга го отежнува пристапот до правата од социјалната заштита, особено за постарите и болни жители, и лицата со попреченост.

Според бројот на жители во општина Вевчани – 2425 жители, од последниот официјален попис за население спроведен 2022 година, а со оглед дека во 2021 година во општината имало 8 социјални случаи (неофицијални податоци) ова изнесува 3,04% од вкупното население, што е показател дека Вевчани може да се рангира како општина со добар социјален статус, односно мал процент на социјални случаи.

Со Програмата се предвидува активностите на општина Вевчани во областа на социјалната заштита кои се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми, кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани со цел: -одржување на социјалната сигурност на граѓаните; -спречување на социјалната исклученост; -подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и -зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен активен и продуктивен живот.

Предвидените активности во програмата се организирани во три приоритетни цели, образложени подолу:

| ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1 - Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе. |
|---|
| Активности: |
| Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции; |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на семејно насилство; |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на трговија со луѓе. |

| ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2 - Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди |
|---|
| Активности: |
| Еднократна парична помош на новородено дете |
| Еднократна парична помош за физички лица |
| Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДДГ „Планински цвет“- Вевчани за деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства |
| Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства |
| Доделување на огревно дрво на социјално- загрозени домаќинства |
| Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење |

| ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3 - Унапредување на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните |
|---|
| Активности: |
| Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Струга или некоја од специјализирани образовни установи. |
| Одбележување на новогодишните празници |
| Доделување на стипендии на ученици и спортисти |
| Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување |

Она што е битно да се истакне е тоа што во Програмата не е предвидена/наведена ниту вкупна сума за реализација на истата, ниту поединечно по приоритетни цели односно активности. Само во делот кој се однесува на еднократна парична помош на новородено дете, предвидено е дека општина Вевчани ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во општина Вевчани во износ од 3.000,00 денари за новородено дете. Во точката буџет во Програмата само е наведено дека „активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на Општина Вевчани за 2022 година“. Исто така не е наведен потенцијален/очекуван број на корисници кои би биле поддржани со мерките и активностите, а не може да се види ни одредена родова перспектива во истите. Ако го погледнеме времето кога е донесена Програмата за 2022 година од страна на Советот на општината (јули 2022 година) што е на половина поминат период од тековната година се наметнува и прашањето за временски поажурно и поконзистентно пристапување при креирање и усвојување на Програмата.

Со цел да добиеме барем оквирна слика за планирани и потрошени средства, направивме детален увид во објавените податоци и информации на веб страницата на општината и согледавме дека во „Образложенијата кон финансиските извештаи“ за 2022 година[3] стои дека општината по основ на помош за новороденчиња и едократка парична помош поторшила 60.500 денари (споредбено со 2021 – 57.000 денари).

Доколку пак ако се погледне „Годишниот извештај за финансиско работење на Општина Вевчани за 2022 година“[4] во делот на категоријата социјални бенефиции (со потставки: социјална парична помош, еднократна парична помош и помош во натура; помош за новороденчиња и помош за деца без родители и родителска грижа) може да се види дека биле планирани 149.000 денари, а потрошени се 60.500 денари, односно потрошени се само 40% од предвидените средства. Тоа изразено поединечно по планирани активности е прикажано во следната табела:

| Активност | Планирани средства во 2022 година | Потрошени средства во 2022 година |
|---|---|---|
| социјална парична помош | 15.000 | 0 |
| еднократна парична помош и помош во натура | 50.000 | 16.500 |
| помош за новороденчиња | 69.000 | 45.000 |
| помош за деца без родители и родителска грижа | 15.000 | 0 |

Исто така видливо е дека не сите планирани активности наведени во Програмата за социјална заштита може да се види сека се планирани во буџетот на општината за соодветната година.

## 5. ОПФАТ, КОРИСНИЦИ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Главни корисници на политиката за социјална заштита се: младите кои употребуваат психотропни супстанци, физички лица  кои се во загрозена состојба поради болест и други несреќи, лица кои имаат потреба од помош при плаќање на сметките, при обезбедување

[3] https://vevcani.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%91%D1%83%D1%9F%D0%B5%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BB%D0%BE%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-05-286-2-2023.pdf

[4] https://vevcani.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D0%B2%D0%BE%D1%98%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%BD%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%92%D0%B5%D0%B2%D1%87%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-08-7-17-2023.pdf

греење, при обезбедување средства за операции, деца од градинката, социјално –загрозени семејства, лица со посебни потреби и др.

Подетален опис на корисниците се дава во Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување  еднократна парична помош од Буџетот на општина Вевчани: 1.Лице кое се нашло во положба на социјален ризик се смета лице кое живее само и е примател на социјална помош или е невработено лице, кое нема приходи врз основа на имот и имотни права и не остварува други приходи за егзистенција; 2.Семејство кое се нашло во положба на социјален ризик се смета семејство во кое носителот на семејството е примател на социјална помош или сите членови на семејството се невработени и нема приходи врз основа на имот и имотни права и не остварува други приходи за егзистенција; 3.Лица со посебни потреби се сметаат лицата со оштетен вид, лицата со оштетен слух, интелектуално попречените лица, телесно инвалидните лица, лицата со попреченост во говорот, аутистични деца, старите лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој што имаат тешкотии во социјалната интеграција, лицата со комбинирани пречки во развојот; 4.Самохран родител на дете се смета родител на дете кое го издржува, а другиот родител е починат, дете од разведен брак, ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница, дете на кое едниот родител е непознат, дете на кое едниот родител се води за исчезнат

# 7. БУЏЕТСКА АНАЛИЗА

Со цел да имаме посеопфатни информации за анализа на програмата и буџетот, спроведовме:

1.Интервјуа со претставници од општината

2.Анкета на граѓаните и граѓанките на општина Вевчани, и тоа два типа анкети зависно од целната група: а) на корисници на услугите и б) на граѓани по случаен избор кои не биле досега корисници на социјални мерки кои ги нуди општината).

3. Барање за пристап до информации од јавен карактер за да дознаеме како одело спроведувањето на Програмата со активности од соцјална заштита

Поединечните наоди и податоци кои ги добивме се наведени во продолжение.

**За интервјуа со претставници од општината** - Во општина Вевчани од службеното лице за посредување со информации  бевме информирани дека општина има донесено Политика за социјална заштита, но дека истата целосно не се спроведува во пракса, односно не се имплементираат сите активности поради немање на финансии за истото. Станува збор за мала општина која располага со многу ограничен буџет која нема средства за покривање на голем дел од планираните активности.
Оттука не може да се направи сеопфатна анализа дали и во која мера различните приоритети и потреби на мажите и жените се земени во предвид, дали и во која мера јазикот користен во програмите ја одразува родовата нееднаквост и дали има родово разделени податоци за корисниците на програмите.

**Анкета со граѓани корисници на социјални мерки од општината** - Анкетирање на граѓани кои добиле социјална помош од општината - 9 жени кои последната година 2022 искористиле мерка – еднократна помош за новороденче од 3000 денари.  Анкетата беше составена од два дела и се спроведе телефонски, преку обезбедени контакти од општина

Вевчани. Од можни 9 испитанички, 6 прифатија да одговорат на прашањата, додека 3 не можевме да ги добиеме. Анкетирани се 6 лица од кои сите женски. За двете анкети се изготвени посебни извештаи, каде се сумирани одговорите. Сите се млади жени од 28 – 37 години, сите се вработени, во брак, македонки. Во однос на семејните приходи 4 се од 15-30.000 денари, а само 2 се над 30.000 денари. Сите се целосно задоволни од услугата што ја добиле. Но на прашањето дали при добивање и обезбедување на социјална заштита биле консултирани за специфичните потреби како маж/ жена, одговорија со „Не". Истовремено, не сметаатт дека некој само затоа што е жена или маж е побрзо и поквалитетно услужен при барање на социјална услуга. Не користеле друга социјална услуга од Општината.

**Анкета со граѓаните и граѓанките на општина Вевчани по случаен избор**, како позначајни информации би ги издвоиле следниве:

Структура на испитаници - Анкетирани се 52 лица, од кои 22 мажи и 30 жени.

Анкетата беше составена од три дела, и се спроведуваше на терен. Граѓаните претежно беа љубезни, културни и сакаа да одговорат на прашањата, во зависност од одговорите некои анкети траеја подолго, а имаше и потреба да се прават во домашна атмосфера (претежно кај корисници/или луѓе на кои им е потребна помош). Само 6 лица (10%) – 5 мажи, една жена - побарале социјална заштита од општината и тоа: за нега на старо лице, за помош при операција.




Две лица побарале помош директно во Центар за социјални грижи во Струга. Две лица не ја добиле помошта која ја барале, останатите ја добиле и се задоволни од услугата. Од испитаниците гледаме дека помошта ако имаат потреба би ја барале во ЦСР Струга. Три семејства имаат потреба од нега за старо лице и самите го покриваат тој трошок. Информациите за социјалната заштита ги добиваат преку медиумите и социјалните мрежи, не се информираат од општината. 17 лица навеле дека добиваат психо-социјална поддршка во училиштето од училишниот психолог за теми поврзани со нивните деца.

Во периодот на подготвување на оваа анализа, јавно не беше достапен извештај за реализација на програмата за социјална заштита во општината, испративме **Барање за пристап до информации од јавен карактер** во кое поставивме повеќе повеќе прашања за начинот на спорведување на програмата, за буџетот, начин на негово трошење, структура на лица кои се обартиле до општината за одфрдена поддршка и сл. (Прашањата кои се испратени до општината се во прилог на оваа анализа). Па така:

На прашањето дали планираната „Програма за активностите во областа на социјална заштита во Општина Вевчани за 2022 година" е реализирана. На ова прашање од страна на општината имаат одговорено дека програмата е реализирана и дека на сите доставени барања општината е одговорено позитивно и дека паричниот надоместок е исплатен.

Општина Вевчани, преку оваа програма во 2022 година има поддржано вкупно 33 граѓани со еднократна помош од кои 4 мажи 29 жени.




До општината во 2021 година се обратиле вкупно 9 граѓани кои побарале одредена социјална услуга од истата. Овие граѓани се обратиле за еднократна здравствена помош и помош за новороденче. Во 2022 година до општината се обратиле 33 граѓани, за тоа за еднократна здравствена помош, новороденче и првачиња.

Во Приоритетна Цел 1 - Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе. Од предвидените три, се одржала само една редовна работилница во Основното училиште Страшно Пинџур, во соработка со Медицинскиот Центар.

Во Приоритетната цел 2 - Помош за новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди

- Се поднеле 15 барања за деца родени со место на живеење во Вевчани и сите биле одобрени 45.000 денари вкупно.
- Барања од семејства погодени од елементарни непогоди немало.
- Барања за еднократна помош на физички лица немало.
- Немало барања за Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДДГ „Планински цвет“-Вевчани.
- Доделување на огревно дрво на социјално- загрозени домаќинства и Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење исто така немало во 2022 година.

Во Приоритетна Цел 3 - Унапредување на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните

- Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот Центар во Струга – немало такви барања.

- Доделување на стипендии на ученици и спортисти – немало барања во 2022.

- Во 2022 Општина Вевчани донесе одлука да им се додели по 2000 денари на секое прваче. Бидејќи некои од советниците се откажале од своите хонорари, се доделиле по 4000 денари на секое прваче – вкупно 15 првачиња во 2022 година = 60.000 денари.

Инаку поради короната, од 2020 до 2022 лицата од општината кои се вклучени во спроведување на активности од социјална заштита не посетиле никаква обука. Општината досега ги нема испитано потребите на корисниците за видот на мерките и активностите кои ги усвојува.

Општината има Правилник за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од буџетот на општина Вевчани. Во правилникот е наведено колку може да се даде максинмално еднократна помош за секоја мерка, ама не е наведено колку буџет е на располагање вкупно. Не е направена поделба колку буџет е на располагање за жени, колку за мажи. Но на сајтот на Општината, во линкот за буџети 2022, Функционални Расходи[5] имаме

[5] https://vevcani.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/Funkcionalni-rashodi-po-programi-6-1.pdf

предвидени 20.000 денари за родова еднаквост. Понатаму во Завршната сметка за 2022 – Образложение[6], Социјални бенефиции има предвидено 149.000 денари а потрошени се 60.500 што е 0.13% од вкупно реализирани приходи на општината.

Тука би додале дека од Акцискиот план за еднакви можности не е ништо спроведено во 2022, затоа е неможно да се направи анализа. Причината била немање средства. Исто така во Акцискиот план има предвидено неколку мерки кои не се поврзани со еднакви можности како: Подобрување на здравствената заштита за време на пандемија, Подигање на свеста за препознавање и заштита на младите од булинг и Препознавање и справување со стрес на работното место.

# 8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Врз основа на направената аналзиа согледано е дека станува збор за мала општина со ограничени финансиски капацитети и човечки ресурси, и често е случај едно одделение да покрива активности од повеќе области, па така општината нема посебно Одделение за социјална заштита и сите активности во врска со обврските на општината за мерки и активности од социјалната заштита, се реализираат од Одделението за правни и општи работи и човечки ресурси.

Што се однесува до Програмата за социјална заштита во описот на истата нема предвидено поодделното влијание на планираните активностите врз жените и мажите (девојчињата и момчињата)., а не се споменува ниту број на корисници ниту како кумулативна бројка ниту разделени по пол. Во Програмата не успеавме да препознаеме дека се предвидени активности за поддршка одредени ранливи категории како на пример, жртви на семејно насилство, а испитаниците и испитаничките во анкетата го идентификуваа ова како една од потребите.

За поздравување е тоа што Општината има донесено „Правилник за условите, критериумите и начинот на доделување еднократна парична помош од буџетот на општина Вевчани“. Во правилникот е наведено колку може да се даде максимално еднократна помош за секоја мерка, но не е наведено колку буџет е на располагање вкупно. Воедно ја поттикнуваме општината да направи дополнителни анализи и да ја вклучи и родовата компонента при воспоставување на условите, критериумите и начините на доделување на парична помош. На пример, во Правилникот каде што се дефинирани условите за поднесување на барање за еднократна парична помош за новороденче, стои дека оваа помош и се доделува на мајката родилка, но не е наведено што доколку мајката родилка независно од кои причини не е во можност да поднесе вакво барање и да го запази рокот дека барањето треба да се поднесе најдоцна во рок од 3 месеци од раѓањето на детето.

Во одговорите од општината стои дека за поголем дел од планираните социјални мерки воопшто не се поднесени барања од страна на граѓаните. Тоа го наметнува прашањето дека треба да се направат дополнителни испитувања за да се утврди дали граѓаните навистина

[6] https://vevcani.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%9E%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%81%D0%B2%D0%BE%D1%98%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%97%D0%B0%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%92%D0%B5%D0%B2%D1%87%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-08-7-18-2023.pdf

немаат потреба за предвидениот вид на социјални услуги кои општината ги предвидела, или пак граѓаните не се доволно информирани за услугите кои ги нуди општината. Доколу пак се утврди дека граѓаните навистина немаат потреба од таков вид на мерки и активности, општината треба да размисли истите да ги модификува и да планира активности и мерки кои се потребни на граѓаните. Тоа би значело дека општината треба почесто да ги консултира граѓаните за нивните потреби и истите соодветно да ги планира.

Во програмата изостануваат активности за поддршка на пензионери и повозрасни лица, а граѓаните при анкетирањето изразија интерес и потреба за воведување на ваков вид на активности како подршка за повозрасните граѓани.

Програмата не е директно поврзана со буџетот на општината, односно во програмата не е наведено под која буџетска ставка може да се видат средствата во годишниот буџет на општината.

Во целите и приоритетите на програмата е наведено дека целта на програмата е да обезбеди „достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот“, но не се опишува кои се потребите на корисниците, како се утврдени тие потреби, дали се водело сметка при утврдувањето на потребите на корисниците какви потреби имаат жените, а какви мажите и сл.

**Препораки:**

1.Да се воведе системски пристап за собирање на податоци на локално ниво кој ќе овозможи подготовка на извештаи/анализи и креирање на политики според потребите на одделни целни групи.

2.При креирањето на буџетот и годишните програми да се консултираат граѓаните и граѓанките за нивните потреби.

3. При креирање на програмата за социјална заштита да се земат предвид различните социјални потреби на корисниците/чките, меѓу кои и жртвите на насилство и да се предвиди соодветен буџет за реализација на истата.

4. Да се обучат вработените во општината за имплементирање на родовата перспектива во годишните програми и буџети.

5.Да се одржат обуки во училиштата за подигање на свеста за препознавање и заштита на младите од булинг.

## Користена литература


Програма за еднакви можности за 2022

Акциониот план за еднакви можности за 2022

Програмата за активности од областа на социјална заштита

Стратегија за родова еднаквост 2022-2027

Годишнии програми 2021, 2022 за општина Вевчани

Заврши буџети 2021, 2022 за општина Вевчани

Анкети

Интервјуа

Барања за пристап до информаци

# Анекси

**<u>АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА КОРИСНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ</u>**

Ова истражување се спроведува во рамките на проектот „Родова анализа на програмите за социјална политика и еднакви можности во општина Вевчани“ кој се спроведува од Локална Агенција за Развој Струга, и Катерина Василеска како локален координатор.
Целта на овој проект е да се истражи степенот до кој локалните програми и буџети ги земаат предвид родовите прашања односно потребите на жените и мажите.
Поради тоа, сакаме директно од корисниците на социјалните услуги во општина Вевчани да дознаеме за тоа колку се задоволни од услугите кои ги добиваат од општината. Прашалникот е анонимен, и резултатите од истражувањето ќе се употребат за изработка на родови индикатори врз основа на кои ќе подготвиме родово буџетски иницијативи кои ќе ги претставиме пред Комисијата за еднакви можности и пред советот на општината во почетокот на 2023 година.
Ви благодариме.

**ПРВ ДЕЛ - ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПИТАНИКОТ/чката**

1. Пол

М Ж

0. Возраст
0. Етничка припадност
0. Брачен/ или граѓански статус?

а. во брак б. вдовец/ица в. невенчан/а г. разведен/а

0. Степенот на образование

а. основно б.средно в. високо г. без образование

0. Кој е Вашиот работен статус?

а. вработен/а на неопределено б.невработен/а в. вработен/а со договор
г. freelence д. барам работа

0. Приходи во семејството

а. до 15.000 б. Од 15.000-30.000денари в. над 30.000 денари

ВТОР ДЕЛ – ЛОКАЛНИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

1. Дали во периодот од 2021 -2022 год. имате побарано некоја услуга на социјална заштита во вашето место на живеење?
0. Каде се обративте за да побарате социјална услуга?
0. Од кој вид на социјална услуга од страна на општината имавте потреба?
0. Оценка за задоволство од Социјалната услуга која ја добивте од општината?
0. Дали при добивање на социјална заштита бевте консултирани за специфичните потреби како маж/ жена?
0. Дали при обезбедување на социјална услуга беа земени во превид Вашите специфични потреби како маж/жена?
0. Дали имате потреба од некаков друг вид на социјална услуга/поддршка што не ја обезбедува општината и која ?
0. Дали сметате дека некој само затоа што е жена или маж е побрзо и поквалитетно услужен при барање на социјална услуга од страна на општината?
0. Дали лицето кое го водеше случајот покажа разбирање кон Вашата потреба?
0. Кои се причините за задоволство или незадоволство од добиената социјална услуга од страна на општината

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ – ЗА ПОТРЕБАТА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Ова истражување се спроведува во рамките на проектот „Родова анализа на програмите за социјална политика и еднакви можности во општина Вевчани“ кој се спроведува од Локална Агенција за Развој Струга, и Катерина Василеска како локален координатор 077855155.
Целта на овој проект е да се истражи степенот до кој локалните програми и буџети ги земаат предвид специфичните потреби на жените и мажите при креирање на програмите.
Поради тоа, сакаме директно од корисниците на социјалните услуги во општина Вевчани да дознаеме за тоа колку знаат и колку се задоволни од услугите кои ги добиваат од општината. Прашалникот е анонимен, и резултатите од истражувањето ќе се употребат за изработка на родови индикатори врз основа на кои ќе подготвиме родово буџетски иницијативи кои ќе ги претставиме пред Комисијата за еднакви можности и пред советот на општината во почетокот на 2023 година.
Ви благодариме.

**ПРВ ДЕЛ - ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИСПИТАНИКОТ/чката**

1. Вашиот пол е ?
   а) Машки пол
   б) Женски пол

2. Во која возрасна доба се наоѓате?
   а) Помлади од 30 години
   б) На возраст од 30-50 години
   в) На возраст од 50- 65 години
   г) Позвозрасни од 65 години

3. Вашата етничка припадност е:
   а) Македонец/ка
   б) Албанец/ка
   в) Србин/инка
   г) Босанец/ка
   д) Влав/инка
   ѓ) Ром/ка
   е) Турчин/ка
   ж) Други, ____________________________

4. Која е Вашиот брачен/граѓански статус?
   а) Не мажена / Не женет
   б) Во брак
   в) Разведен/а
   г) Живеете во вонбрачна заедница
   д) Вдовец/а
   ѓ) Друго _____________________________

5. Степенот на Вашето образование е
   а) Без формално образование
   б) Основно образование
   в) Средно образование
   г) Високо образование
   д) Друго ___________________________

6. Кој е Вашиот статус?
   а) Невработно лице
   б) Во работен однос (со плата и пензиско и здравствено осигурување)
   в) Ангажиран/на по договор
   г) самовработено лице – регистриран земјоделец по Закон за земјоделска дејност
   д) самовработено лице (основач на мал бизнис)
   ѓ ) Пензионер
   е) Студент
   д) Друго ____________________________

7. Колку изнесуваат Вашите месечни приходи во семејството
   а) до 9000 МКД
   б) 10- 18 000 МКД
   в) 19-35 000 МКД
   д) 36-50 000 МКД
   ѓ) над 50 000
   е)нема приходи

**ВТОР ДЕЛ – КАКВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ИМААТ ПОТРЕБА ГРАЃАНИТЕ/ките НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ?**

1. Доколку имате потреба од некоја услуга на социјална заштита (на пример, еднократна парична помош за физички лица кои претрпеле елементарни непогоди), каде би се обратиле?
   а) во општината
   б) во Центар за социјална работа
   в) во невладина организација
   г) друго (Ве молиме наведете) --------------------------------

2. Дали сте запознати дали Вашата општина има Политика за социјална заштита и нуди одредени мерки и активности во таа област?
   а)Да
   б) Не

3. Дали знаете кои услуги на социјална заштита се достапни на граѓаните во Вашата општина

________________________________________________________________________________
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

4. Која од наведените услуги од областа на социјалната заштита мислите дека би им го олеснила животот на граѓаните во Вашата општина и секојдневното функционирање?

(Ве молиме оценте од 1 до 5, каде што оцена 1 – значи не многу, до оцена 5 – значи многу)

| Услуга | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно и други психотропни супстанции; | | | | | |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на семејно насилство; | | | | | |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на трговија со луѓе. | | | | | |
| Еднократна парична помош на новородено дете | | | | | |
| Еднократна парична помош за физички лица кои се во загрозена состојба поради: болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица неспособни за работа и лица со посебни потреби. | | | | | |
| Субвенционирање на престојот на деца во градинка | | | | | |
| Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално-загрозени домаќинства | | | | | |
| Доделување на огревно дрво на социјално-загрозени домаќинства | | | | | |
| Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење | | | | | |
| Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Струга некоја од специјализирани образовни установи. | | | | | |
| Доделување на стипендии на ученици и спортисти | | | | | |
| Друго (Ве молиме наведете) | | | | | |

7. Дали сметате дека при креирањето на социјалните услуги кои ги нуди општината треба да бидат консултирани мажите и жените во општината?
а) Да
б) Не

8.Дали сметате дека има разлика во потребите за социјални услуги помеѓу мажите и жените?
а) Да
б) Не

Доколку одговорот е да, Ве молиме наведете кои се тие услуги. ------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------

9. Дали во Вашата Општина добивате адекватни информации за мерки и активности кои ги нуди општината во областа на социјалната заштита и расположливите социјални услуги?
а) Да
б)Не
Доколку одговорот е Да, Ве молиме наведете како сте информирани и колку често?

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

10.За кои од наведениве социјални услуги сте запознаени дека Вашата општина ги обезбедува? (означете ги сите услуги кои ги препознавате)

| Услуга | Да, ги обезбедува | Не, не ги обезбедува |
|---|---|---|
| Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно и други психотропни супстанции; | | |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на семејно насилство; | | |
| Едукативни работилници за информирање на младите и детектирање на облиците на трговија со луѓе. | | |
| Еднократна парична помош на новородено дете | | |
| Еднократна парична помош за физички лица кои се во загрозена состојба поради: болест, болнички третмани и хируршки зафати, | | |

| | | |
|---|---|---|
| лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица неспособни за работа и лица со посебни потреби. | | |
| Субвенционирање на престојот на деца во градинка | | |
| Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално- загрозени домаќинства | | |
| Доделување на огревно дрво на социјално- загрозени домаќинства | | |
| Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење | | |
| Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби Струга некоја од специјализирани образовни установи. | | |
| Доделување на стипендии на ученици и спортисти | | |
| Друго (Ве молиме наведете) | | |

10.Кои вид на социјални услуги сметате дека треба да ги обезбедува општината? (Ве молиме наведете)
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

11.За која категорија на граѓани сметате дека општината треба да обезбедува социјални услуги?
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

13.Дали имате предлог за уште некоја дополнителна активност од областа на социјалната заштита која би требало да биде предвидена од страна на општината?
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------

Ви благодариме.